Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

# З А П И С Н И К
**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 21:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - решение за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена

2. Предлог - решение за изменување на Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена, во предложениот текст.

<u>Точка 2</u>

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

По оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 4</u>

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев